# СКОПЈЕ ПРАЈД 2025: ПОЛИТИЧКИ ПРОТЕСТ И ИДНИ НАСОКИ ЗА ЛГБТИ ДВИЖЕЊЕТО

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Скопје Прајд 2025: Политички протест и идни насоки за ЛГБТИ движењето


## Хелсиншки комитет за човекови права


## Скопје
## септември, 2025


*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Скопје Прајд 2025 претставува пресвртна точка во позиционирањето на ЛГБТИ движењето во Северна Македонија. Наместо баланс помеѓу видливост и прослава, овогодинешниот Прајд беше свесно поставен како протест против системска репресија, институционална негрижа и стеснување на граѓанскиот простор. И покрај финансиската криза и повлекувањето на дипломатска поддршка, настанот успешно се реализираше, покажувајќи отпорност, солидарност и потреба од одржливи и независни механизми за поддршка на ЛГБТИ движењето.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Скопје Прајд 2025 ја нагласи својата протестна природа, потенцирајќи отпор кон системско насилство, корупција и авторитаризам.
- Се појави финансиска нестабилност поради ненадејно повлекување на донатори, што ја покажа ранливоста на зависноста од донации.
- Учеството падна на околу 500 лица (наспроти 2.000 во претходни години), но се зајакна солидарноста со левичарски и граѓански движења, што ја зголеми политичката легитимност на Скопје Прајд.
- И покрај ризиците, не беа забележани инциденти, а медиумското покривање ја потенцираше јасната политичка порака на Скопје Прајд.
- Настанот потврди дека ЛГБТИ правата се поврзани со пошироки борби за правда, работнички права, родова еднаквост и борба против корупција.

## Скопје Прајд како протест – искуства и предизвици во 2025

Подготовките за Прајд започнаа рано во 2025 година со вклучување на заедницата преку јавни собири. Одлуката да се стави акцент на протестот, наместо на прославата, произлезе од ограничените ресурси, порастот на анти-родови движења и продолжената институционална дискриминација – особено блокирањето на Законот за правно признавање на родот.

Манифестот на Прајд го постави настанот како чин на отпор, солидарност и опстанок. Маршот помина пред Собранието, Министерството за образование и Владата, симболично барајќи институционална одговорност. Повлекувањето на дипломатска поддршка само неколку дена пред настанот предизвика финансиска криза, решена преку краудфандинг и мобилизација на заедницата.

Иако бројот на учесници беше помал, атмосферата беше силно политизирана и обедини различни движења. Медиумското покривање ги засили пораките, додека безбедноста беше обезбедена во координација со МВР. По настанот, Организациониот комитет заклучи дека идните изданија треба да останат независни од цензурирачки донатори и да се потпираат на минимални средства, краудфандинг и граѓанска поддршка.

## Заклучок

Скопје Прајд 2025 покажа дека задржувањето на протестниот карактер ја зајакнува неговата кредибилност и ја осигурува неговата поврзаност со пошироките борби за правда и еднаквост. Настанот демонстрираше отпорност пред финансиски и политички предизвици, но исто така ја нагласи итната потреба за развој на одржливи и независни механизми за поддршка на ЛГБТИ движењето во Северна Македонија.

# ПРЕПОРАКИ

- Приоритет да имаат краудфандингот и придонесите од заедницата, за да се намали зависноста од условена донаторска поддршка.
- Продолжување на солидарноста со феминистички, работнички, ромски, инвалидски и други движења за правда.
- Скопје Прајд да остане простор на политички отпор, а не на асимилација, со акцент на системски промени наместо само видливост.
- Обезбедување дијалог за безбедноста, без компромиси со независноста и политичката природа на Скопје Прајд.
- Проширување на вклученоста на помалку застапени групи во ЛГБТИ заедницата за да се зголеми учеството без губење на политичкиот фокус.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА